# Гевгеличанец се обидел да убие адвокат и извршител

од Fokus | 02.11.2023



Гевгеличанец со пиштол се обидел да убие извршител и адвокат, со кои се сретнал за да договори како да го исплати долгот. Од Обвинителство информираат дека тој се борел со адвокатот, а откако му ветил дека нема да го пријави, побегнал.

„Основното јавно обвинителство Гевгелија донесе наредба за спроведување истражна постапка против едно лице, кое што на 29 октомври годинава, во канцеларија на извршител во Гевгелија, со умисла се обидел да лиши од живот две лица со кои се сретнал по претходен договор за регулирање на начинот и рокот на исплата на неговиот долг. Додека траело излагањето на оштетениот – адвокат, осомничениот ја затворил вратата од канцеларијата, извадил пиштил и го вперил во доверителот – лицето кон кое го имал долгот. По реакција на адвокатот, осомничениот го вперил пиштолот и кон него, но адвокатот успеал да ја фати раката на осомничениот и да го насочи пиштолот кон подот, по што настанала турканица и борење по подот. Во меѓувреме другиот оштетен и вработените од извршителската канцеларија ја напуштиле просторијата. Додека траела борбата, осомничениот со левата рака се обидел да го репетира пиштолот. Откако оштетениот адвокат му ветил на осомничениот дека нема да го пријават, борбата престанала и осомничениот го напуштил местото на настанот" – се вели во соопштението на OJO.

- Advertisements -




Осомничениот 30 дена ќе остане во притвор, а против него постои основано сомнение дека го сторило кривичното дело – Убиство од член 123 став 3 во врска со член 19 од Кривичниот законик.

0

претходна вест
Спасеновски: Неизгласувањето на Закон предложен од Влада може да е знак за нестабилност во владејачката коалиција

следна вест
Променливо облачно и ветровито време, попладне дожд

## ПОВРЗАНИ НОВОСТИ



ПОКАКАН ЖИВОТ

03.11.2023



ЛОГА ЌЕ БАРА ОБЈАСНУВАЊЕ ОД СДСМ ЗА ЗАКОНОТ...

03.11.2023



ХАЏИ-ЈАНЕВ ЗА „ФОКУС": КОНФЛИКТОТ ВО ГАЗА НЕМА ДА...

03.11.2023














































@2020 - All Right Reserved. Hosted with ❤ by Host.mk